2155 Централна правосудна книжница
Врховног содишча
СР Словеније
ЉУБЉАНА
ул."Товчарјева" бр.9

# СЛУЖ...
## НА СОЦИЈАЛИСТ...

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, ... Скопје
Број 37 Год. XXV

... 1969 година изнесува 60 динари. Овој број чини 1,60 дин. Жиро сметка бр. 401-1-16

**306.**

Врз основа на член 144 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор одржана на 9 октомври 1969 година и на седницата на Социјално-здравствениот собор, одржана на 8 октомври 1969 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ОБРАЗУВАЊЕ ЗАЕДНИЧКА КОМИСИЈА НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОБОР И НА СОЦИЈАЛНО-ЗДРАВСТВЕНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПРАШАЊА НА БОРЦИТЕ И ИНВАЛИДИТЕ ОД ВОЈНАТА

1. Се образува Заедничка комисија на Републичкиот собор и на Социјално-здравствениот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија за прашањата на борците и инвалидите од војната (Комисија за прашања на борците и инвалидите од војната), со задача:

а) — да ги проучи актуелните проблеми на борците и инвалидите од војната, а особено: нивната материјална положба, здравствената заштита и станбените проблеми;

б) — да им предложи на Републичкиот и на Социјално-здравствениот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесување на закони и преземање на други мерки за обезбедување услови за остварување на општествената заштита на борците и инвалидите од војната.

2. Комисијата за прашања на борците и инвалидите од војната има претседател и осум члена. Претседателот и четири члена се избираат од редот на пратениците на Републичкиот и Социјално-здравствениот собор, еден член се избира од редот на членовите на Извршниот совет, еден член се избира од редот на јавните работници, а два члена делегира Републичкиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ.

3. Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 3148
10 октомври 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

**307.**

Врз основа на член 13 став 2 од Законот за определување стопата на придонесот за изградба на станови за учесниците во Народноослободителната војна и за начинот и условите за користење на средствата од придонесот, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Социјално-здравствениот собор, одржана на 8 октомври 1969 година и на седницата на Републичкиот собор, одржана на 9 октомври 1969 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ПОТВРДУВАЊЕ СТАТУТОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА ИЗГРАДБА НА СТАНОВИ НА УЧЕСНИЦИТЕ ОД НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНАТА ВОЈНА

I

Се потврдува Статутот на Републичкиот фонд за изградба на станови на учесниците од Народноослободителната војна, донесен од Управниот одбор на Фондот на седницата одржана на 17. VII. 1969 година.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 3154
10 октомври 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

---

**308.**

Врз основа на член 12 став 3 од Законот за високото школство на СРМ („Службен весник на СРМ“ бр. 15/65), Собранието на СР Македонија на седницата на Просветно-културниот собор, одржана на 8 октомври 1969 година и на седницата на Републичкиот собор, одржана на 9 октомври 1969 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ПОТВРДУВАЊЕ ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ПЕДАГОШКАТА АКАДЕМИЈА — ШТИП

I

Се потврдува Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Педагошката академија — Штип, што ја донесе Советот на Педагошката академија на седницата, одржана на 30 јуни 1969 година.

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 3153
10 октомври 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

**309.**

Врз основа на член 12 од Законот за високото школство на СРМ („Службен весник на СРМ“ бр. 15/65), Собранието на СР Македонија на седницата на Просветно-културниот собор, одржана на 8 октомври 1969 година и на седницата на Републичкиот собор, одржана на 9 октомври 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПОТВРДУВАЊЕ ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ПЕДАГОШКАТА АКАДЕМИЈА „КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ — СКОПЈЕ

I

Се потврдува Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на Педагошката академија „Климент Охридски“ — Скопје што ја донесе Советот на Академијата на седницата, одржана на 20. VI. и 2. VII. 1969 година.

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 3222
10 октомври 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

---

**310.**

Врз основа на член 12 став 3 од Законот за високото школство на СРМ („Службен весник на СРМ“ бр. 15/65), Собранието на СР Македонија на седницата на Просветно-културниот собор, одржана на 8 октомври 1969 година и на седницата на Републичкиот собор, одржана на 9 октомври 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПОТВРДУВАЊЕ ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ПЕДАГОШКАТА АКАДЕМИЈА ВО БИТОЛА

I

Се потврдува Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Педагошката академија — Битола, што ја донесе Советот на Педагошката академија на седницата, одржана на 2. VII. 1969 година.

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 3151
10 октомври 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

**311.**

Врз основа на член 29 став 3 од Законот за Фондот на Федерацијата за кредитирање стопанскиот развиток на стопански недоволно развиените републики и краишта, Собранието на СРМ, по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата, на седницата на Републичкиот собор и на седницата на Соборот на општините, одржани на 9 октомври 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФОНДОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ РЕПУБЛИКИ И КРАИШТА

1. За член на Управниот одбор на Фондот на Федерацијата за кредитирање на стопанскиот развиток на недоволно развиените републики и краишта, како претставник на Социјалистичка Република Македонија, се именува Ристо Цунов, сојузен пратеник.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 3145
10 октомври 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

---

**312.**

Врз основа на член 6 од Законот за стопанските судови во Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата, на седницата на Републичкиот собор и на седницата на Соборот на општините, одржани на 9 октомври 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ СУДИЈА НА ОКРУЖНИОТ СТОПАНСКИ СУД — ШТИП

1. Се разрешува Аритон Спасов од должноста судија на Окружниот суд — Штип по негово барање.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 3146
10 октомври 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

**313.**

Врз основа на точка 2 од Одлуката за образување на Заедничка комисија на Републичкиот собор и Социјално-здравствениот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија за прашања на борците и инвалидите од војната, Собранието на Социјалистичка Република Македонија по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата, на седницата на Социјално-здравствениот собор одржана на 8 октомври 1969 година и на седницата на Републичкиот собор одржана на 9 октомври 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ЗАЕДНИЧКАТА КОМИСИЈА НА РЕПУБЛИЧКИОТ И СОЦИЈАЛНО-ЗДРАВСТВЕНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПРАШАЊА НА БОРЦИТЕ И ИНВАЛИДИТЕ ОД ВОЈНАТА

I. За претседател на Заедничката комисија се избира Мито Теменугов-Железни.

II. За членови се избираат:

1. д-р Љупчо Гроздев, член на Извршниот совет,
2. Борис Алексовски, пратеник на Републичкиот собор,
3. Абдула Османи, пратеник на Републичкиот собор,
4. д-р Панче Илмовски, пратеник на Социјално-здравствениот собор,
5. д-р Крсте Здравковски, пратеник на Социјално-здравствениот собор,
6. Душко Стоевски, општествено-политички работник,
7. Никола Митевски, делегиран од Републичкиот одбор на Сојузот на борците од НОВ.
8. Мишо Вукадиновиќ, делегиран од Републичкиот одбор на Сојузот на борците од НОВ.

III. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 3143
10 октомври 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

---

**314.**

Врз основа на членот 35 ст. 1 точка 1 од Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ“ бр. 24/65, 57/65, 29/66, 52/66, 12/67 и 54/67), во врска со членот 37 став 4 од Основниот закон за пензиското осигурување („Службен лист на СФРЈ“ број 51/64, 56/64, 14/66, 1/67, 18/67, 54/67, 17/68, 55/68 и 11/69), Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците — Скопје, на седницата одржана на 20 октомври 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ОДЛУКАТА ЗА ГРАНИЧНИОТ ИЗНОС НА НАЈНИСКОТО ПЕНЗИСКО ПРИМАЊЕ, ЗА ИЗНОСОТ НА ЗАШТИТНИОТ ДОДАТОК И ДРУГИТЕ УСЛОВИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КОРИСТЕЊЕ И ГУБЕЊЕ ПРАВО НА ТОЈ ДОДАТОК

I

Во точката II од Одлуката за граничниот износ на најниското пензиско примање, за износот на заштитниот додаток и другите услови за обезбедување, користење и губење право на тој додаток („Службен весник на СРМ“ бр. 8/67, 7/68 и 40/68) износот „300 динари“ се заменува со износот „350 динари“.

II

Определувањето на новиот износ на заштитниот додаток на корисниците на тој додаток затечени на 1 јануари 1970 година според граничниот износ на најниското пензиско примање утврден со претходната точка ќе се изврши по службена должност, без донесување на писмени решенија од Републичкиот завод за социјално осигурување — Скопје.

По писмено барање на корисникот на заштитниот додаток, надлежниот комунален завод за социјално осигурување е должен да му издаде писмено решение за определување износот на заштитниот додаток со образложение.

III

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1970 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — СКОПЈЕ

Бр. 01-3022/1
20 октомври 1969 година
Скопје

Потпретседател,
**Момчило Марковски,** с. р.

---

**315.**

Врз основа на членот 35 став 1 од Основниот закон за организација и финансирање на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ“ број 24/65, 57/65, 29/66, 52/66, 12/67 и 54/67), во врска со членот 31 став 1 и 2 од Основниот закон за пензиското осигурување („Службен лист на СФРЈ“ бр. 51/64, 56/64, 14/66, 1/67, 18/67, 54/67, 17/68, 55/68 и 11/69), Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на работниците — Скопје, на седницата одржана на 20 октомври 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИОТ ИЗНОС НА ПЕНЗИСКАТА ОСНОВА ОДНОСНО НА ЛИЧНИОТ ДОХОД ОД КОЈ МОЖЕ ДА СЕ ОПРЕДЕЛИ ПЕНЗИЈА

I

Највисокиот износ на пензиската основа односно на личниот доход од кој може да се определи пензија според Основниот закон за пензиското осигурување и Основниот закон за инвалидското осигурување се определува во износ од 3000 динари.

II

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување највисокиот износ на пензискиот основ односно личниот доход од кој може да се определи пензија („Службен весник на СРМ“ бр. 7/68) и Одлуката за измени и дополнувања на Одлуката за определување највисокиот износ на пензиската основа односно личниот доход од кој може да се определи пензија („Службен весник на СРМ“ бр. 3/69).

III

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува за определување на пензиите што ќе се остваруваат со важност од 1 јануари 1970 година натаму.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ — СКОПЈЕ

Бр. 01-3023/1
20 октомври 1969 година
Скопје

Потпретседател,
**Момчило Марковски,** с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

Пред овој суд е заведена парница од малолетните тужители Драгиша и Снежана Цветкови, застапувани од нивната мајка Цветанка Цветкова како законски застапник од Скопје, населба „Калаџиев гроб" — Скопје, против тужениот Живко Калембџиев од Скопје а сега на работа во Франција, со непозната адреса, за утврдување на татковство.

Се поканува тужениот Живко Калембџиев од Скопје, сега во Франција со непознато место на живеење, во рок од 15 дена по објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ" да се јави на судот или да достави точна адреса и евентуално предложи застапник кој ќе ги застапува неговите интереси пред судот.

Во колку тужениот не се јави во определениот рок, по службена должност ќе му биде определен застапник кој ќе ги застапува неговите интереси и тоа на негова сметка.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 1924/67 од 24. IX. 1969 год. (62)

---

При Окружниот суд во Скопје се води постапка по тужбата на Бајрактаров, родена Матеиќ Стана од Лапово, ул. „18" бр. 14, против тужениот Бајрактаров Стерјо, саатчија од Скопје, со непознато место на живеење, за развод на брак.

Се повикува тужениот Бајрактаров Стерјо во рок од 30 дена да се јави во судот или пак во истиот рок да ја соопшти својата точна адреса каде живее. Во противно судот ќе му одреди старател, согласно чл. 77 од ЗПП, кој ќе го застапува во овој бракоразводен спор.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 1268 од 13. X. 1969 година. (68)

### ОКРУЖЕН СУД ВО БИТОЛА

Амиџовска Блага од с. Горно Орехово поднесе тужба до овој суд за развод на бракот против Амиџовски Павле од с. Горно Орехово, а сега во неизвесност. Бидејќи тужениот е со непозната адреса, се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ", да се јави во овој суд или да одреди свој застапник. Во противно на тужениот ќе му биде одреден застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 626/69. (64)

Методи Јаневски од Битола, ул. „Јане Сандански" бр. 54, поднесе тужба до овој суд за развод на бракот против Мита Ѓоревска од Битола, а сега во неизвесност.

Бидејќи тужената е во неизвесност и со непозната адреса, се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ", да се јави на овој суд или да одреди свој застапник. Во противно ќе ѝ биде одреден застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 409/69. (64)

---

Кузмановска Зора од с. Журче поднесе до овој суд тужба за развод на бракот против Божиновски Илија, сега во неизвесност. Бидејќи тужениот е во неизвесност, се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ" да се јави или да одреди свој застапник. Во противно ќе му биде одреден застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 388/69. (69)

---

Драга Петреска, ул. „Јосиф Јосифовски" бб, нова населба поднесе тужба до овој суд за развод на бракот против Јордан Петревски од село Коњско, сега во неизвесност.

Бидејќи тужената е во неизвесност и со непозната адреса, се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ", да се јави на овој суд или да одреди свој застапник. Во противно на истата ќе ѝ биде одреден застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 238/69. (66)

---

Нечовска Велика од Битола, ул. „Струшка" бр. 36, поднесе тужба до овој суд за развод на бракот против Нечовски Владимир од Битола, сега во неизвесност и со непозната адреса. Бидејќи тужениот е во неизвесност, се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ", да се јави или да одреди свој застапник. Во противно на истиот ќе му биде одреден застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 684/69. (67)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ПРИЛЕП

При Општинскиот суд во Прилеп, се води постапка за докажување смртта на лицето Ѓорѓи Иванов Петрушев, роден во село Војница, Титоввелешко во 1880 година. Се претпоставува дека истиот загинал на 20. XI. 1944 година во Титов Велес.

Се поканува секое лице кое нешто знае за него да му соопшти на овој суд во рок од 3 месеци по објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ".

Од Општинскиот суд во Прилеп, Р. бр. 821/69. (63)

---

При Општинскиот суд во Прилеп, се води постапка за докажување на загубено свидетелство за завршен III клас трговска школа во учебната 1939/40 година во Прилеп, на име Иван Г. Чупетрески од Прилеп, ул. „Андон Слабејко" бр. 32.

Се поканува секое лице кое го има најдено или го пронајде гореневеденото свидетелство да му соопшти на овој суд во рок од 30 месеци од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ".

Од Општинскиот суд во Прилеп, Р. бр. 342/65. (70)

## РЕГИСТАР НА УСТАНОВИТЕ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 517, страна 111, книга III, е запишано следното: Дејноста на Здравствената установа „Дебарски бањи“ од Дебар, согласно со одлуката бр. 03-235/1 од 21. VI. 1968 год. на советот на работната заедница и согласноста — решението бр. 01-5322 од 16. XII. 1968 година на Собранието на општината Дебар се проширува и со помошни дејности и тоа: превоз на патници и стоки.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 88/68 од 20. V. 1969 година. (616)

---

Окружниот стопански суд во Битола, објавува дека во регистарот на установите, на 27. VI. 1969 година, рег. бр. 63/66 е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Михаил Огненовски, досегашен заменик директор на Центарот за унапредување на земјоделието од Битола.

Се овластува Димитар Димевски, директор, покрај досегашниот потписник Таневски В. Коле, книговодител, да ја потпишува установата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 27/69. (769)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 17. VI. 1969 година, рег. бр. 42/66 е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Дичовски Љубе, досегашен директор на Основното училиште „Димитар Влахов“ од село Долно Лакочереј, Охридско.

Се овластува Ристески Лазар Васил, директор, да го потпишува училиштето.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 24/69. (770)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 330, страна 353, книга II е запишано следното: Покрај досегашните потписници на Комуналниот завод за социјално осигурување — Куманово и тоа: Кузмановски Александар Орде, директор, и Дамјановски Герасимов Ѓорѓи, шеф на отсекот за финансии, Заводот во иднина ќе го потпишува, задолжува и раздолжува и новоназначениот потписник Павловски Драгомир, раководител на групата за општи работи, сметано од 17. VII. 1968 година, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 79/68 од 12. VI. 1969 година. (827)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 138, страна 599, книга III е запишано следното: На Славко Николов, досегашен директор на Гимназијата „Кочо Рацин“ — Титов Велес. му престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешен од должност.

За директор на споменатата гимназија е назначен Палашевски Ѓорѓи, кој истата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува со стариот регистриран потписник Јорданка Апчева, сметководител, сметано од 30. XII. 1968 година, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 124 од 31. VII. 1969 година. (831)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 179, страна 936, книга I е запишано следното: Досегашниот директор на Заводот за запослување на работници — Тетово, Милан Марковиќ, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За в.д. директор на Заводот за запослување на работници — Тетово, е назначен Апостоловски Саво, кој ќе го потпишува, задолжува и раздолжува заводот, сметано од 18. VII. 1969 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 89 од 24. VII. 1969 година. (832)

---

## РЕГИСТАР НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДУЌАНИТЕ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 18, страна 145, книга I, е запишано следното: Фирмата на Фабриката за завртки и наввртки „Тане Цалески“ — Кичево, согласно со одлуката бр. 01-56686/1 од 10. VII. 1968 година на работничкиот совет се менува и гласи Фабрика за навојни производи „Тане Цалески“ — Кичево.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1227 од 10. XII. 1968 година. (31)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 11. XI. 1968 година, рег. бр. 1/68, книга II е запишано следното: Се проширува дејноста на Молерофарбарската заштитна работилница „Полет“ од Охрид, на Општинскиот одбор на Сојузот на глувите на Македонија од Охрид, уште со: ѕидарски, фасадерско-терацерски, паркетарски работи, шивачки, плетачки и керамичарски работи.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката на управниот одбор на Општинскиот сојуз на глувите при општините Охрид, Струга и Дебар, со седиште во Охрид од 9. X. 1968 год. и решението бр. 1309 од 15. X. 1968 година на Одделението за надзор и контрола на Собранието на општината Охрид.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 489/68. (109)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 12. XI. 1968 година, рег. бр. 1/68, книга II е запишано следното: Се пршоирува дејноста на Молерофарбарската заштитна работилница „Полет“ од Охрид на Општинскиот одбор на Сојузот на глувите на Македонија — Охрид, уште со поправка на радио и телевизиски апарати.

Услугите на домаќинствата за поправка на термо-електрични уреди и поправка на нафтено-уљани печки ќе го вршат во просториите на домаќинствата.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката бр. 144/1 од 11. XI. 1968 година на управниот одбор на Општинскиот одбор на Сојузот на глувите при општините Охрид, Струга и Дебар и решението уп. бр. 1336/1 од 11. XI. 1968 година на Одделението за надзор и контрола на Собранието на општината Охрид.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 516/68. (110)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. XII. 1968 година, страна 359, реден број 7 е запишано ставањето под присилна управа на Керамидната фабрика „Еленица“ од Струмица.

За присилен управник е именуван Миле Илиев.

Ставањето под присилна управа на Керамидната фабрика „Еленица“ од Струмица, е извршено во регистарот, врз основа на решението бр. 02-4769/1 од 25. XI. 1968 година на Собранието на општината Струмица.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 553/68. (259)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 24. IV. 1969 година, рег. бр. 14/63, книга I е запишано следното: Се менува фирмата на Работната единица за кооперативно производсто и откуп на селско-стопански производи од Битола и гласи: Погон за кооперација со положба на организациона единица — Битола, на Земјоделско-индустрискиот комбинат „Пелагонија“ од Битола.

Досегашниот раководител Миле Стојан Попоски се менува. За раководител е поставен Живко Радевски, дипломиран инженер агроном.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката бр. 02-486/5 од 27. Ш. 1969 година од работничкиот совет на ЗИК „Пелагонија“ од Битола.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 162/69. (527)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 24. IV. 1969 година, рег. бр. 123/55, книга П е запишано следното: Се менува фирмата на Инвалидското претпријатие на мало „Прилеп“ од Прилеп и гласи: Инвалидско претпријатие на големо и мало „Прилеп“ од Прилеп.

Се менува дејноста на Инвалидското претпријатие на големо и мало „Прилеп“ од Прилеп и гласи: промет на големо и мало со цигари и други вредносници, прибор за бричење, салвети и тоалетен папир и пластично-гумени производи, прибор за пишување, разгледници и обрасци за претпријатија, надлештва и установи.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката бр. 02-94/1 од 25. Ш. 1969 година на работничкиот совет на Инвалидското претпријатие „Прилеп“ од Прилеп.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 120/69. (532)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 27. V. 1969 година, рег. бр. 29/66, книга I е запишано следното: Досегашниот раководител на работничката менза во Битола на Самостојниот погон „Пелагонија“ — Битола на ИПК „Конзерваекспорт“ од Скопје Вангел Крсте Топаловски се менува. На негово место за раководител е поставен Михајло Оцевич.

Се овластува Михајло Оцевич, раководител, да ја потпишува мензата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 208/69. (579)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. V. 1969 година, рег. бр. 2/65, книга I е запишано следното: Досегашниот раководител на Продавницата „Рефлекс“ П — Битола, на Претпријатието за внатрешна и надворешна трговија „Рефлекс“ од Белград, Илија Андоновски се менува, а на негово место за раководител е поставен Гиновски Стојче.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 124/69. (580)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 9. I. 1969 година, рег. бр. 9/63, книга I е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Никола Гулас, директор на погонот „Авторемонт“ — Битола на „Аутомакедонија“ увоз извоз — Скопје.

Се овластува Димитровски Томе Тодор, директор, покрај досегашните потписници Тасевски Томе, технички раководител и Андоновски Борис, шеф на сметководството, да го потпишува погонот.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 10/69. (582)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 27. V. 1969 година, рег. бр. 10/56, книга I е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Цане Спироски, шеф на сметководството на Угостителското претпријатие „Унап“ од Демир Хисар.

Се овластува Јосифовски Најдо, книговодител, и Неделкоски Доне, книговодител, покрај досегашниот Димче Цветаноски, директор, да го потпишуваат претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 214/69. (583)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 27. V. 1969 година, рег. бр. 67/55, книга П е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Илиевски Г. Благоја, директор, на Претпријатието за производство на цигли од Прилеп.

Се овластува Врцкоска Миланова Јаглика, в.д. директор, да го потпишува претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 212/69. (585)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. V. 1969 година, рег. бр. 27/56, книга Ш е запишано следното: Досегашниот раководител на Продавницата во Ресен, на Претпријатието за занаетчиски монтажни работи „Слобода“ — Охрид, Митревски С. Стоимен се менува. За раководител е поставен Михајло Михајлоски.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 220/69. (587)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. V. 1969 година, рег. бр. 11/67, книга П е запишано следното: Откупната станица во Ресен, на Трговското претпријатие „Наша суровина“ од Скопје, престана со својата работа и се брише од регистарот на стопанските организации, кој го води овој суд.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката бр. 03-985/3 од 28. V. 1969 година на работничкиот совет на Трговското претпријатие „Наша суровина“ од Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 225/69. (592)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 29. V. 1969 година, рег. бр. 10/59, книга I е запишано следното: Се менува адресата на Продавницата бр. 12 во Битола на „Жито Македонија“ — Скопје — Филијала во Битола, од ул. „Драгор“ бр. 14, сега на улица „Илинденска“ бр. 129.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката бр. 02-721/1 од 11. I. 1969 година на управниот одбор на работната организација „Жито Македонија“ — Филијала во Битола и решението бр. 10-3208/1 од 26. V. 1969 година на санитарниот инспектор на Собранието на општината Битола.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 217/69. (594)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 8. V. 1969 година, рег. бр. 5/64, книга П е запишано следното: Се преселува Продавницата во Струга, на Трговското претпријатие на големо „Обуќа“ од Белград од ул. „Маршал Тито“ бр. 5 на ул. „Маршал Тито“ бб — Струга.

Оваа промена е извршена врз основа на решението бр. 08-795/1 од 15. I. 1969 година на Одде-

лението за инспекциски работи на Собранието на општината Струга.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 181/69. (595)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 6. V. 1969 година, рег. бр. 9/63, книга I, е запишано следното: Се проширува дејноста на Погонот за ремонт и сервис „Ауторемонт“ од Битола на Претпријатието „Аутомакедонија“ — увоз-извоз од Скопје, уште со: стопанисување со станбените згради, во Погонот за ремонт и сервис „Ауторемонт“ — Битола.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката на работничкиот совет на „Аутомакедонија“ увоз-извоз — Скопје, од 25. II. 1969 година, и потврдата бр. 08-8109 од 24. X. 1968 година.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 165/69. (596)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. IV. 1969 година рег. бр. 123/55, книга II е запишано следното: Се проширува дејноста на Инвалидското претпријатие на големо и мало „Прилеп“ од Прилеп, уште со: продажба на сите видови весници, списанија; фотографски материјал и акустична стока; транзистори, грамофонски плочи; пиво, оранжади, наполитанки, чоколади и други прехранбени артикли слични на спомenатите.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката бр. 02-951/1 од 26. III. 1969 година на работничкиот совет и уверенијата на пазарниот, санитарниот и трудовиот инспектор на Собранието на општината Прилеп.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 174/69. (599)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 83, страна 211, книга I, е запишано следното: Дејноста на Продавницата во Гевгелија, на ул. „Маршал Тито“ бр. 96 на „Вартекс“ — Вараждинска текстилна индустрија — Вараждин, согласно со одлуката на работничкиот совет од одржаната седница на 5. III. 1968 година се проширува и со продажба на сопствени производи и со производи на други производители и тоа: на текстил, куса и плетена стока, конфекција и крзнена стока.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1117/68 од 27. III. 1969 година. (664)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 8, страна 74, книга VI е запишано следното: Дејноста на Откупната станица во Гостивар, на Трговското претпријатие за промет со отпадоци „Отпад“ — Скопје, се проширува и со: продажба на големо и мало на сите видови дефектни стоки од порцелан, емајлирани садови, железни, водоводни, електрични, канализациони материјали, текстил, текстилни реслови и сите видови градежни материјали.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 814/68 од 17. III. 1969 година. (665)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 73, страна 287, книга I е запишано следното: Дејноста на Земјоделската задруга „Велко Стаменков“ село Орашец, Кумановско, согласно со одлуката бр. 02-200/1 од 8. V. 1969 година на задружниот совет се проширува и со продажба на мешана стока и тоа: прехранбена стока, млеко и млечни производи, алкохолни и безалкохолни пијалоци, текстилна стока, гумени и пластични производи, градежни материјали: дрво, цреп, цемент и др., и метални и неметални стоки.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 431 од 28. V. 1969 г. (671)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 562, страна 1357, книга IV е запишано следното: Досегешниот директор на Филијалата во Куманово, на работната организација „Жито Македонија“ — прехранбен комбинат — Скопје, Гиго Цветковски е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За директор на Филијалата во Куманово на работната организација „Жито Македонија“ — прехранбен комбинат — Скопје е назначен Живко Шкуртевски, кој ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, со старите регистрирани потписници и тоа: Јакимовски Димитар, шеф на сметководството, Манчо Ивановски, шеф на комерцијалното одделение и Александар Цветановски, книговодител, сметано од 4. XII. 1968 година.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1291/68 од 21. V. 1969 година. (672)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 8, страна 383, книга IV е запишано следното: Дејноста на Откупната станица во Куманово, на Трговското претпријатие за промет со отпадоци „Отпад“ — Скопје, се проширува и со: продажба на дефектни и некурентни стоки од порцелан, емајлирани садови, текстилни и железни стоки, како и ливење на обоени метали, согласно одлуката на работничкиот совет, од одржаната седница, на 16. XII. 1967 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 63/68 од 17. III, 1969 година. (675)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 8, страна 73, книга VI е запишано следното: Дејноста на Откупната станица во Куманово на Трговското претпријатие за промет со отпадоци „Отпад“ — Скопје, се проширува и со продажба на големо и мало на градежни материјали.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 811/68 од 17. III. 1969 година. (676)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 8, страна 383, книга IV е запишано следното: досегашниот раководител на Откупната станица во Куманово на „Отпад“ — трговско претпријатие за промет со отпадоци — Скопје, Трајан Стојановски е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За раководител на споменатата станица е назначен Богевски Петар, кој ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, сметано од 12. III. 1968 година.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 285/68 од 17. III. 1969 година. (677)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 424, страна 487, книга II е запишано следното: Дејноста на Занаетчиското електрометалско претпријатие „Црвена ѕвезда“ — Кавадарци, согласно со одлуката бр. 136/1 од 19. III. 1969 година на работниот колектив, од одржаната седница на 18. III. 1969 година се проширува и со транспортни услуги.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 421 од 28. V. 1969 година. (679)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 130, страна 770, книга II е запишано следното: Фирмата на Претпријатието за јавен автотранспорт „Автотранспорт" — Кавадарци, согласно со одлуката на работничкиот совет од одржаната седница, на 3. III. 1969 година, се менува и гласи: „Тиквеш транс" — претпријатие за внатрешен и меѓународен сообраќај и туризам — Кавадарци, а скратениот назив на фирмата ќе гласи: „Тиквеш транс" — Кавадарци.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 222 од 13. V. 1969 година. (680)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 469, страна 65, книга III е запишано следното: Кон Агрокомбинатот „Тиквеш" — Кавадарци се присоединува Земјоделската задруга „Илиница" село Раец, со одлуката бр. 183 од 1. IV. 1969 година на задружниот совет на Земјоделската задруга „Илиница" село Раец и одлуката бр. 01-1042 од 24. II. 1969 година на работничкиот совет на Агрокомбинатот „Тиквеш" — Кавадарци.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 324 од 23. IV. 1969 година. (682)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 215, страна 455, книга V, е запишано следното: Досегашниот потписник Светислав Јорданов Смичковски, шеф на стопанско-сметководниот секното: Досегашниот потписник Светислав Јорданов на тутун — Скопје е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За нов потписник на „Македонија" — претпријатие за извоз-увоз на тутун „Македонија" — Скопје е назначен Давков Љубен ,директор на стопанско-сметководниот сектор, кој претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, со старите регистрирани потписници и тоа: Милосевски Јордан, директор, Сутурков Петре Данчо, директор на комерцијално-техничкиот сектор, Куне Димитров Ѓорѓиевски, шеф на технички сектор, Михајло Прокопиев, Зора Стојанова и Љубо Трајков Величков, сметано од 6. V. 1969 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 398 од 30. V. 1969 година. (693)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 8, страна 20, книга VI е запишано следното: Дејноста на Откупната станица број 12 во Ѓорче Петров, на ул. „Маршал Тито" на „Отпад" — трговско претпријатие за промет со отпадоци — Скопје, се проширува и со продажба на следните дефектни некурентни стоки и тоа од порцелан, емајлирани садови, текстилни стоки и текстилни рeслови и железни стоки.

Досегашниот раководител на истата Јане А. Лазовски е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За раководител на истата е назначен Геровски Киро, кој Откупната станица ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, сметано од 14. III. 1967 година.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 295/68 од 17. III. 1969 година. (694)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 15, страна 363, книга II е запишано следното: На досегашниот потписник на Земјоделската задруга „Слобода" село Зелениково Пепиц Исо, книговодител, му престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешен од должност.

За потписник на Земјоделската задруга „Слобода" — село Зелениково останува Боцевски Мирко, директор, сметано од 21. V. 1969 година.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 458 од 26. V. 1969 г. (697)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег бр. 1252, страна 1483, книга V е запишано следното: Дејноста на Претпријатието за промет на големо и мало со земјоделско-сточарски производи и индустриски стоки „Кожар" — Скопје, согласно со одлуката бр. 267 од 30. V. 1969 година на советот на работната заедница од одржаната седница на 16. V. 1969 година, во иднина се проширува и со промет со сурови кожи и волна.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 501 од 30. V. 1969 г. (698)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1173, страна 887, книга V е запишано следното: Дејноста на Трговското претпријатие за посредување во трговијата, на големо и мало „Југотрговија" — Скопје, согласно со одлуката бр. 67/2 од 19. IV. 1969 година на работничкиот совет се проширува и со: купопродажба на житарици, алкохолни пијалоци, колонијални стоки и сточна храна, купопродажба на електрични материјали, радио-материјали и индустриски стоки за широка потрошувачка, купопродажба на градежни материјали на кои не влијаат атмосферските влијанија.

Проширената дејност ќе се обавува на големо и мало.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 353 од 13. V. 1969 г. (703)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 444, страна 373, книга V е запишано следното: Дејноста на Погонот за производство на цигари и вршење услуги — Скопје, на Тутуновиот комбинат „Благоја Деспотовски-Шовељ" — Скопје, согласно со одлуката на работничкиот совет на комбинатот се проширува и со: одржување и управување со станбените и деловните објекти и опремата во комбинатот.

Фирмата на споменатиот погон се менува и гласи: Тутунов комбинат „Благој Деспотовски-Шовељ" — Скопје — Погон за производство на цигари, одржување и управување со станбените и деловните објекти и опрема, како и вршење услуги на погоните на комбинатот на трети лица — Скопје.

Кон Погонот за производство на цигари и вршење услуги Скопје, на Тутуновиот комбинат „Благој Деспотовски-Шовељ" — Скопје се присоединува Погонот за одржување на објекти и опрема, и вршење на услуги на погоните на комбинатот и за трети лица во Скопје на Тутуновоит комбинат „Благој Деспотовски-Шовељ" — Скопје.

Поради присоединувањето Погонот за одржување на објекти и опрема и вршење услуги на погоните на комбинатот и за трети лица во Скопје, на Тутуновиот комбинат „Благој Деспотовски-Шовељ" — Скопје се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 31 од 23. V. 1969 година. (704)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 821, страна 889, книга III е запишано следното: Досегашниот директор Цалцевски Ѓорѓи, на Молеро-фарбарското претпријатие „Ристо Равановски" — Скопје е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За директор на Молеро-фарбарското претпријатие „Ристо Равановски“ — Скопје е назначен Лазаревски Ламбе, кој претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, сметано од 15. V. 1969 година.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 435 од 23. V. 1969 г. (705)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 679, страна 1009, книга II е запишано следното: Претставништвото во Скопје, на ул. „Ѓуро Салај“ бр. 10/I на „Раде Кончар“ — претпријатие за производство на електрична енергија, проектирање и монтажа постројења — Загреб се преселува од ул. „Ѓуро Салај“ бр. 10/I во Скопје, во просториите на претпријатието „Раде Кончар“ — Погон за електрични апарати — Скопје — Пат за село Лисиче.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 740/68 од 13. V. 1969 година. (708)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег бр. 860, страна 1479, книга V е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Самостојниот погон малопродажна мрежа „Народна техника“ — Скопје, ул. „Партизанска“ бр. 16 на „Балкан импекс“ — трговско претпријатие на големо и мало, со право на посредување — Скопје, бидејќи со одлуката бр. 0301/385 од 26. IV. 1969 година на работничкиот совет на „Балкан импекс“ — Скопје се издвојува во претпријатие под име: Трговско претпријатие на големо и мало „Народна техника“ — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 475 од 27. V. 1969 година. (710)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 77, страна 1647, книга V е запишано следното: Досегашниот раководител на Продавницата во Скопје, ул. „Гоце Делчев“ бр. 17, на Претпријатието за дрвна индустрија „Треска“ — Скопје, Ристовски Ристо, е разрешен од должност и за раководител на продавницата е назначен Стојчевски Спасе, кој нема да биде потписник.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 102 од 25. X. 1968 г. (713)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 214, страна 1383, книга V е запишано следното: Покрај досегашните потписници на Парната пиварница „Скопје“ — Скопје и тоа: Станковски Стојанчо, Венински Т. инженер Киро, директор, Атанас Атанасовски, Стојан Досев, претпријатието во иднина ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат и новоназначените потписници: Сараќини Хајрелин, шеф на сметководството и инженер Петар Петровски, шеф на производството, сметано од 30. VII. 1968 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 882 од 13. V. 1969 г. (714)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 11, страна 553, книга I е запишано следното: Се брише од регистарот на задругите Земјоделската задруга „Јарбаш“ — село Сујаклари, Титоввелешко, бидејќи се присоединува кон Земјоделско-индустрискиот комбинат „Лозар“ — Титов Велес, со одлуката бр. 58 од 5. II. 1969 година на работната заедница на Земјоделската задруга „Јарбаш“ — с. Сујаклари и одлуката на работничкиот совет на ЗИК „Лозар“ — Титов Велес, како и економската оправданост.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 129 од 23. IV. 1969 година. (717)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 8, страна 73, книга VI е запишано следното: Дејноста на Откупната станица во Титов Велес, на Трговското претпријатие за промет со отпадоци „Отпад“ — Скопје, во иднина се проширува и со продажба, на големо и мало, на градежни материјали.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 813/68 од 17. III. 1969 година. (718)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 408, страна 339, книга II е запишано следното: Дејноста на Продавницата во Титов Велес, ул. „Маршал Тито“ бб, на Индустриското претпријатие „Борац“ — Травник, согласно со одлуката бр. 386/67 од 23. III. 1967 година на работничкиот совет се проширува и со промет со конфекција и галантерија, како и со чадори.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 576/68 од 14. V. 1969 година. (719)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 159, страна 415, книга I е запишано следното: Досегашниот раководител на Продавницата во Титов Велес на Вараждинската текстилна индустрија „Вартекс“ — Вараждин Љубе Кузов, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За в. д. раководител на спомenатата продавница е назначен Ристов Петре, кој продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето од матичното претпријатие, сметано од 28. II. 1968 година.

Обврската пред банката е со еден потпис.

